интерпромет

Бр. 0202-286-1

14.06 2021 год.

ТЕТОВО

Врз основа на член 383 и член 479 од Законот за трговските друштва, Заклучокот за овластување на Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово за прибирање на понуди и вршење избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2021 година, донесен на седницата на Собранието на друштвото на ден 12.04.2021 година, и член 34 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, Управниот одбор на оваа друштво, на својата седница одржана на ден 14.06.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на друштвото за 2021 година

I

Со оваа одлука се прифаќа понудата Бр.08-239 од 02.06.2021 година како најповолна понуда и за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2021 година на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се избира Друштвото за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово, врз основа на спроведената постапка со објавувањето на Јавниот повик за прибирање на писмените понуди за вршење ревизија на годишната сметка на друштвото за 2021 година а согласно одлуката на Управниот одбор Бр. 0202-265/1 од 01.06.2021 година.

II

Се задолжува сметководствената служба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, да и ги приложи сите потребни документи на ова ревизорска куќа.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

УПРАВЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ;
Билал Љутфии

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1